Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:05 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецевска, нотар.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записникот од 17-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 ноември 2020 година

✓ Усвојување на Записникот од 20-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 октомври 2020 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Информација за формирање на Центар/Оддел за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот

1. Записник од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 ноември 2020 година

2. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп (металдетектор)

3. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан на Имотен лист бр.42540 КО Карпош).

4. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице која врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад

5. Информација за потребата на Инспекторатот за употреба на јазиците за работни простории/канцеларии и службено возило

6. Деловен и финансиски извештај за 2019 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности Фондација ПЕКСИМ Скопје со статус на организација од јавен интерес

7. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавно претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

9. Предлог-одлука за утврдување на цената на годишната претплата на Службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2021 година, бр.02-2030/1 од 19 октомври 2020 година

10. Предлог-одлука за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2021 година, бр.02-2031/1 од 19 октомври 2020 година

11. Информација за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија

12. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Видое Смилевски Бато“ бр. 51/2-26 во Скопје

13. Барање за донесување на одлука за отстапување на 200.000 литри Еуродизел БС гориво, 400.000 литри Мазут и 20.000 литри Екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

14. Информација по задолжението од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година, точка 2, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за доставување план за надминување на негативната состојба во работењето

15. Предлог-одлука за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен регистар на Република Северна Македонија

16. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со седиште ул.„Никола Парапунов“ бр.41, Скопје за изградба на мала хидроелектрична централа на река „Ехлоечка“ со реф.бр.51 во Општина Кичево

17. Информација за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

18. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на

проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, по скратена постапка

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште

22. Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност

23. Предлог на закон за изменување на Законот за селекционерски права

24. Предлог на закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство

25. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност и квалитет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата

26. Предлог на закон за изменување на Законот за рибарство и аквакултура

27. Предлог на закон за изменување на Законот за сточарството

28. Предлог на закон за изменување на Законот за пасишта

29. Предлог на закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство

32. Предлог на закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата

33. Предлог на закон за изменување на Законот за квалитет на земјоделски производи

34. Предлог на закон за изменување на Законот за шумите

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на берзи на земјоделско прехранбени производи

36. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

38. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година

39. Информација за барање за склучување на спогодба за раскинување на договор за закуп на дел од недвижен имот –деловен објект ресторан на Управата за хидрометеоролошки работи

40. Информација за алармантната состојба со сушење на вештачки подигнати црнборови насади и шуми во Република Северна Македонија во 2020 година

41. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, со Предлог-решение

42. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Борче Настовски с.Сопотница Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

44. Информација за поништување на одлуките бр.44-8690/2, бр.44-8690/3 и бр.44-8690/4 објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.253/20 и добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2020 од 12.6.2020 година, со предлог-одлуки

45. Информација за издавање на Писмо без приговор со цел изразување интерес за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог-програма за развој на енергетска ефикасност во згради преку Зелениот климатски фонд

46. Информација во врска со процесот на доставување предлог проект до глобален Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации

47. Информација за Годишниот извештај за успешноста за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 година

48. Информација за имплементација на Закон за услуги со Акциски план за усогласување со Законот за услуги

49. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Голема Тиса“ Општина Кавадарци, со предлог-одлуки

50. Информација за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска Листа

51. Информација за потребата од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природа, со Предлог-одлука

52. Информација за потребата од прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје во категоријата Заштитен предел

53. Предлог-одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел

54. Информација за потребата од запишување на инфраструктурни објекти (Гасоводна мрежа (цевковод) и главни железнички пруги

55. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (120.000.000 денари на Град Скопје, како неповратна финансиска помош за реконструкција на Универзална сала - Скопје)

56. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија“

57. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 29 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 26 други апликации

58. Информација за надзор над функционалноста на АКМИС во судовите, со Предлог - одлука

59. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи

60. Информација за придонес со хируршки капацитети - хируршки тим на Република Северна Македонија - во операцијата „Одлучна поддршка“ во Исламска Република Авганистан во 2021 година

61. Информација за предавање на документација од архивата на Кабинетот на поранешниот министер без ресор задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, која се однесува на дијаспората во Министерството за надворешни работи

62. Предлог-решение за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ

63. Информација со Предлог-решение за формирање на Советот за реформа на јавната администрација

64. Предлог на закон за дополнување на Законот за социјална заштита, по скратена постапка

65. Информација за регулирање на надомест на плата за привремена спреченост од работа на вработени лица заболени од COVID-19 (Коронавирус), вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза но се асимтоматични и вработени лица кои имале контакти со заразени лица и се во самоизолација

66. Информација за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21.03.2017 година и арх.бр на носителот на набавката 08-417/1 од 21.3.2017 година

67. Информација за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија и промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта

68. Предлог-одлука за пренесување на основачките права и обврски над општинско угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ Охрид

69. Предлог-одлука за пренесување на основачките права и обврски над средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ“ Куманово

70. Предлог-одлука за пренесување на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“ Тетово

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје

72. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

73. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, поднесен од група пратеници

74. Предлог финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година

75. Информација за доделена државна помош за периодот јануари - декември 2019 година на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија

76. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.285/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од членот 31 став 14 од Законот за здравственото осигурување

77. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.287/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Заклучоци внесени во точка 1 од точката 32 на Записникот од 135-та седница на Владата на Република Северна Македонија, донесени на 14 мај 2019 година

78. Статут на МИТ Универзитет во Скопје

79. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со ИЛ бр.518, 8035, 9022 и 9017 КО Бутел

80. Понуда од нотар Вирѓинија Баута од Струга за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2974, за КО Мислешево-вонград, на КП бр.2750

81. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55123 за КО Прилеп на КП бр.20761/2

82. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94890 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.10070 МВ / Улица Ѓ.Петров и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.10077 МВ/ Улица Ѓорче Петров

83. Повик за свикување на Собрание на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11.00 часот

84. Кадровски прашања

85. Прашања и предлози

86. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, за период јули-септември 2020 година

87. Тромесечен извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес, јули-септември 2020 година

88. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

89. Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2020 година, со Финансиски план

90. Информација за одложување, односно не реализирање на проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2021 година

91. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми, во периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

92. Информација во врска со можноста за укинување на надоместокот од 3% по килограм од продажната цена рибата, за користење на вода за одгледување риби, со конкретен став и фискални импликации по Буџетот

93. Барање за користење на дополнителни средства/субвенции на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски", ДООЕЛ, Скопје, со Предлог-одлука

94. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка

95. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка

96. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка

97. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Велес

98. Предлог на закон за изменување на Закон за ловството

99. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 13001 – Министерство за транспорт и врски, Програма 2 – Сообраќај и комуникации, потпрограма 2В – Изградба на социјални станови, категоријата 48 – Капитални расходи, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС

*

*    *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 17-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 ноември 2020 година и Записникот од 20-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 октомври 2020 година**

*

*    *

- **Информација за формирање на Центар/Оддел за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Центар/Оддел за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана во постоечката организациска структура да го вгради Центарот/Одделот за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот, до крајот на 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да издаде финансиска согласност за вработување на административни службеници во Министерството за одбрана, за работни места поврзани со Центарот/Одделот за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот, за кои веќе се обезбедени финансиски средства во буџетот на Министерството за одбрана и тоа за: 1 (еден) државен советник, 1 (еден) советник и 1 (еден) соработник.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата на Република Северна Македонија за постигнатиот напредок за формирање на Центарот/Одделот за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот, до крајот на јуни 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за одбрана до Владата на Република Северна Македонија да доставува годишен извештај за напредокот во работата на Центарот/Одделот за поддршка на компании при настап на НАТО пазарот, до крајот на јуни во тековната година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа Записникот од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 ноември 2020 година и согласно предлозите изнесени на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 17 ноември 2020 година.

2. Владата на Република Северна Македонија упатува барање до Министерството за одбрана за потребите на Министерството за здравство - здравствените установи, за определен временски период да отстапи медицински кадар, заради справување со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

3. Го прифати Протоколот за превенција од инфекција и контрола за безбедно управување со мртво тело во контекст на COVID-19 - Прилог број 70.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп (метал детектор), во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.42540 КО Карпош), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на Инспекторатот за употреба на јазиците за работни простории/канцеларии и службено возило и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од пет дена да достави список на слободен простор кој може да се отстапи на користење на Инспекторатот за употреба на јазиците, водејќи сметка за бројот на утврдени работни места, согласно Актот за систематизација на работните места во Инспекторатот за употреба на јазиците.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 10 дена да обезбеди едно службено возило за Инспекторатот за употреба на јазиците.

**Точка 6**

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2019 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности Фондација „ПЕКСИМ“ Скопје со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавно претпријатие за државни патишта, со нов текст на Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, го усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со АД ЕСМ да се обрати до КфВ банката со барање за доделување на грант средства/техничка помош, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, за подготовка на потребната документација за проектите две фотонапонски електрани во кругот на ТЕЦ Битола со инсталирана моќност од 40 MW и 100 MW, со напомена дека зависно од резултатите и препораките од изработените документи, Владата ќе одлучи дали, кога и од кои извори на средства ќе се финансира имплементацијата на овие проекти.

**Точка 12**

Владата ги донесе:

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (нов текст), во предложениот текст и

-Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Видое Смилевски Бато“ бр. 51/2-26 во Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 200.000 литри Еуродизел БС гориво, 400.000 литри Мазут и 20.000 литри Екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтен дериват од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и данокот на додадена вредност, за отстапеното гориво да бидат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

**Точка 14**

Владата по новиот текст на Информацијата по задолжението од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година, точка 2, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за доставување план за надминување на негативната состојба во работењето заклучи да се разгледа можноста за изнаоѓање на финансиски средства за Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за надминување на негативната состојба во работењето од Програмата П – Мерки за справување со COVID 19 кризата, до крајот на 2020 година.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен регистар на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје, со седиште ул. „Никола Парапунов“ бр.41, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за транспорт и врски.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на времено користење на недвижни ствари без надоместок на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја увои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, поради потребата од обезбедување на мислење од Управата за имотно правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и Беким Рецепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени

работи, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата од дополнително усогласување на текстот на Предлогот на закон.

**Точка 20**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 21**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 22**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на земјоделска дејност, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за селекционерски права, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за селекционерски права, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 24**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за органско земјоделско производство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 25**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност и квалитет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност и квалитет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 27**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за сточарството, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за сточарството, кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за пасиштата, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за пасиштата, кој се донесува по редовна постапка и

заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 29

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 30

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет по однос на членот 1 од Предлогот на закон во делот кој се однесува на исполнетоста на условите за директор.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 31**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, по скратена постапка и го утврди како Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 32**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата, по скратена постапка и го утврди како Предлогот на закон за изменување на Законот за здравјето на растенијата и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 33**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за квалитет на земјоделски производи, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за шумите и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за шумите и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за барање на согласност за склучување на спогодба за раскинување на договор за закуп на дел од недвижен имот – деловен објект ресторан на Управата за хидрометеоролошки работи, ја усвои Информацијата и даде согласност за склучување на спогодба во писмена форма за раскинување на договорот за закуп на дел од недвижен имот – деловен објект ресторан на Управата за хидрометеоролошки работи.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија со укажување дека предметниот Договор може да се раскине согласно член 11 став 3 од Договорот за закуп на дел од недвижен имот деловен објект ресторан бр.03-1197/13 од 5 декември 2019 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за алармантната состојба со сушење на вештачки подигнатите црнборови насади и шуми во Република Северна Македонија во 2020 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство да изврши теренски увид и со записник да ја констатира состојбата каде што има појава на сушење на црнборовите насади и култури со среден до јак интензитет на локалитетите наведени во Информацијата на (Светиниколско, Штипско, Радовишко, Кочанско, Виничко, Каменичко, Делчевско, Беровско, Велешко, Демиркаписко, Кривопаланечко, Кумановско, Прилепско, Битолско и Ресенско, а на одредени микролокации и во Тетовско) и со решение да ги задолжи ЈП „Национални шуми“ и другите правни лица кои управуваат со заштитените подрачја да изработат изменување и дополнување на посебните планови за стопанисување со шуми, односно за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, заради спроведување на санитарни сечи и пошумување на површините кои треба да се санираат.

2. Се задолжуваат ЈП „Национални шуми“ и другите правни лица кои управуваат со заштитените подрачја, дел од средствата за проста репродукција на постојните шуми, да ги насочат (предвидат) за санирање на последиците од сушење на црнборовите насади и шуми.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по

пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец БОРЧЕ Борче Настовски с.Сопотница Општина Демир Хисар, со Предлог –одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог –одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанување на важење на одлуките бр.44-8690/2, бр.44-8690/3 и бр.44-8690/4 објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/20 и добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор по Јавен повик 01/2020 од 12.06.2020 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе :

1. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (бр. 44-8690/2 од 20.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/20)), во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во

функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (бр. 44-8690/3 од 20.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/20)), во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (бр. 44-8690/4 од 20.10.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/20)), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со Друштвото за одгледување, производство, трговија и услуги „МКК Капитал Груп“, ДОО увоз-извоз Кривогаштани).

5. Новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со Друштвото за производство и трговија Хортена ДОО увоз-извоз Струмица), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со Друштвото за производство, трговија и услуги „ДА-Буено“, ДООЕЛ Штип), во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за издавање на Писмо без приговор со цел изразување интерес за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог-програма за развој на енергетска ефикасност во згради преку Зелениот климатски фонд и го усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, како Национално назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд, односно Focal point, да го потпише Писмото за прифаќање на концептната белешка/предлог идеја или Letter of Notification of endorsement за изразување интерес за вклучување на Република Северна Македонија во Предлог програма за развој на енергетска ефикасност во згради преку Зелениот климатски фонд, во рок од седум дена.

2. Го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го достави Писмото за прифаќање на

концептната белешка/предлог идеја или Letter of Notification of endorsement до Зелениот климатски фонд и до Агенцијата за развој на Франција во рок од седум дена.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со процесот на доставување предлог проект до глобален Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од три дена, до Канцеларијата на Постојниот координатор на Обединетите Нации во Република Северна Македонија, да го достави Писмото за поддршка за предлог проект за глобалниот Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации насловен како: „Зелени финансии за чист воздух и ублажување на климатските промени.

2. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од три дена, да ја потпише апликацијата за Предлог-проектот за глобалниот Заеднички фонд за Целите за одржлив развој при Обединетите Нации насловен како: „Зелени финансии за чист воздух и ублажување на климатските промени“.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот извештај за успешноста за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030, со најнов текст на Годишниот извештај за напредокот за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да го следи спроведувањето на Националната транспортна стратегија 2018-2030 согласно ажурираната Табела на индикатори (2020) и на две години да ја информира Владата за текот на нејзиното спроведување.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Закон за услуги, со Акциски план за усогласување со Законот за услуги и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за труд и

социјална политика, Министерството за здравство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за лекови и медицински средства, Државниот завод за индустриска сопственост, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, Агенцијата за млади и спорт, најдоцна до 31.12.2020 година да го информираат Министерството за економија за статусот на реализација на мерките наведени во Акцискиот план за усогласување со Законот за услуги.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Голема Тиса“ Општина Кавадарци, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за шумарство и ловство и Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина (Сектор за природа).

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска Листа, со апликационо досие (РИС) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати апликационото досие (РИС) за номинирање на Охридско Езеро за Рамсар место во Светската Рамсар Листа.

2. Се задолжува Минстерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави апликационото досие (РИС) за номинирање на Охридско Езеро во Светската Рамсар Листа до Секретаријатот за Рамсар до крајот на декември 2020 година.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природа, со нов текст на Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на локалитетот Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на

природа, која предлагачот номотехнички ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по предлогот, да изготви конечен предлог за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категоријата парк на природа и да го достави за усвојување до Владата, најдоцна до крајот на март 2021 година.

Исто така, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на Министерството за одбрана, Министерство за транспорт и врски, Јавната установа Национален парк Галичица, Агенцијата за планирање на просторот и Управата за заштита на културното наследство.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел, со Предлог - одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да спроведе јавна расправа по предлогот и да изготви конечен предлог за прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел и конечниот предлог да го достави до Владата, најдоцна до крајот на декември 2020 година.
Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги има предвид укажувањата во мислењата на Управата за заштита на културното наследство, Министерството за одбрана, Агенцијата за електронски комуникации, Управата за хидрометролошки работи, Општина Кисела Вода, Општина Сопиште и Општина Сарај и да достави Картографски приказ во дигитална форма до Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, како и одговор по укажувањата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V - заштитен предел, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од запишување на инфраструктурни објекти (Гасоводна мрежа (цевковод) и главни железнички пруги и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Национални енергетски ресурси АД Скопје да ја спроведе постапката за запишување на гасоводната мрежа (цефководи) во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, во име и за сметка на Република Северна Македонија.

2. Се препорачува ЈП МЖ Инфраструктура – Скопје да ја спроведе постапката за запишување на главните железнички пруги во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, во име и за сметка на Република Северна Македонија.

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 56

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за реализација на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Македонија", со План за имплементација и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои Планот за имплементација на фаза 1 од Сегмент 2 од Проектот.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерство за правда - Управа за извршување на санкции да подготват и достават известување до Банката за развој при Советот на Европа, дека согласно склучениот Договор за заем и Планот за имплементација на Проектот, Владата на Република Северна Македонија ќе ги обезбеди потребните средства за затворање на финансиската конструкција на фаза 1 од Сегмент 2 од проектот, односно ќе се обезбеди потребно буџетско учество во износ од 3.884.805 евра во 2025 и 2026 година.

3. Се задолжува Министерство за правда-Управа за извршување на санкции средствата за реализација на проектот „Реконструкција на казнено поправните установи во Република Македонија" да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за секоја одделна фискална година.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 29 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 26 други апликации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 29 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 26 други апликации.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 29 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 26 други апликации ќе исплати вкупно 53.350 евра за 57 апликации во поединечни износи како во табелите составен дел на Информацијата.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите од предметите Стојановски против Северна Македонија А.бр.14961/16 и 29 други апликации и Трајковски против Северна Македонија А.бр.34016/17 и 26 други апликации во предметите пред ЕСЧП, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, пред ЕСЧП да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред ЕСЧП на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на ЕСЧП за целите на спогодбено решавање на секој поединечен предмет.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за надзор над функционалноста на АКМИС во судовите, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за надзор над спроведување на одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и други државни органи и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната и локалната власт и други државни органи во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на Информацијата да достават информација до Министерството за одбрана дали имаат слободни работни места за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана по добивањето на информациите од органите на државната и локалната власт и другите државни органи, во рок од 10 дена да достави согласност за откажување на финансиски средства за тековната

2021 година за 108 лица до Министерството за финансии, по месеци на нивно преземање во наведените државни органи.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за придонес со хируршки капацитети - хируршки тим на Република Северна Македонија - во операцијата „Одлучна поддршка“ во Исламска Република Авганистан во 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за здравство најдоцна до 30 ноември 2020 година да изврши пополна со персонал на хируршкиот тим во операцијата „Одлучна попддршка“ во Исламска Република Авганистан

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиска согласност за преземање на определено време на избраните здравствени работници и здравствени соработници, вработени во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, од Министерството за здравство во Министерството за одбрана, заради учество во НАТО операцијата на хируршки тим на Република Северна Македонија во состав на Норвешката Role 2 полска болница, во Кабул, Исламска Република Авганистан, во една ротација почнувајки од март 2021 година

3. Се задолжува Министерството за одбрана најдоцна до 28.02.2021 година да ја информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки во врска со учеството во НАТО операцијата во состав на хируршки тим на Република Северна Македонија во состав на Норвешката Role 2 полска болница, во Кабул, Исламска Република Авганистан.

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предавање на документација од архивата на Кабинетот на поранешниот министер без ресор задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, која се однесува на дијаспората во Министерството за надворешни работи, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата целокупната архива на Кабинетот на министерот без ресор задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми која што се однесува на дијаспората, да ја предаде на Министерството за надворешни работи во рок од 15 дена.

2. Се задолжуваат надлежните институции, задолжени за имплементација на мерките и активностите согласно Акцискиот план на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, годишниот извештај за сработеното за 2020 година и за наредните години, да го доставуваат до Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии, да ја има во предвид потребата за зголемување на човечките капацитети на организационата единица во Министерството за надворешни работи и нејзино претворање во сектор.

**Точка 62**

Владата го донесе Решението за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за формирање на Советот за реформа на јавната администрација, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање совет за реформа на јавната администрација, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на надомест на плата за привремена спреченост од работа на вработени лица заболени од CORONA-19 (Коронавирус), вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза но се асимтоматични и вработени лица кои имале контакти со заразени лица и се во самоизолација, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Висината на надоместокот на плата за привремена спреченост од работа на вработени лица во министерствата и органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и на општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, заболени од CORONA-19 (Коронавирус), вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза но се асимтоматични ( односно немаат знаци на болест) а за кои е констаирано дека се

заболени CORONA-19, да се пресметува и исплатува согласно закон и колективен договор.

2. Се препорачува висината на надоместокот на плата за привремена спреченост од работа на заболени вработени лица од CORONA-19 ( Коронавирус), вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза но се асимтоматични (односно немаат знаци на болест), а за кои е констатирано дека се заболени CORONA-19, а се вработени во приватниот сектор, да се пресметува и исплатува согласно закон и колективен договор.

3. Висината на надоместокот на плата за привремена спреченост од работа на вработени лица кои имале контакти со заразени лица, а кои се вработени во министерствата и органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и на општините, градот Скопје и општините на градот Скопје и се во самоизолација, да се пресметува и исплатува согласно закон и колективен договор.

4. Се препорачува висината на надоместокот на плата за привремена спреченост од работа на вработени лица кои имале контакти со заразени лица, а кои се вработени во приватниот сектор и се во самоизолација, да се пресметува и исплатува согласно закон и колективен договор.

## Точка 66

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на Проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21.3.2017 година и арх.бр на носителот на набавката 08-417/1 од 21.3.2017 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на материјалот дополнително да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 67

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија и промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Оваа информација претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 68**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за пренесување на основачките права и обврски над општинско угостителско - туристичко училиште „Ванчо Питошески“ Охрид, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на материјалот дополнително да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 69**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренесување на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ“ Куманово, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на материјалот дополнително да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 70**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за пренесување на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“ Тетово, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Овој материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка поднесен од група од 28 пратеници и притоа го утврди следното мислење

Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка, е поднесен од група од 28 пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Со овој предлог на закон се предлага формирање на Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија.

На овој начин групата од 28 пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бара да се формира уште едно тело, покрај постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести.

Од анализата на постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести и предложената Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија произлегува дека:

Се предлага Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија да се избира од страна на Собранието со мнозинство гласови, на предлог на Владата. Наспроти ова, Комисијата за заразни болести се формира од страна на министерот за здравство, како што е пропишано со членот 59 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

Тоа е првата разлика помеѓу постојната и предложената Комисија.

Според групата пратеници, на овој начин „се дава поголема одговорност и независност на Комисијата со тоа што истата ќе биде избрана од Собранието на Република Северна Македонија“. Имено, групата пратеници наведува дека причините за донесување на предложениот закон се „да се формира стручно и независно тело“ (I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со Законот и причини за донесување). Според пратениците предвидените решенија со Законот се во насока на „создавање на услови за професионално и објективно работење и носење на одлуки за време на пандемија или епидемија“ (II. Цели, начела и основни решенија).

Втората разлика е дека постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести има советодавна улога, а предложената Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија би имала улога да носи одлуки. Станува збор за една од суштинските разлики.

Трета разлика помеѓу постојната и предложената Комисија е дека постојната комисија е со мандат од 4 години, додека предложената се формира само во услови на прогласена епидемија или пандемија со мандат кој трае од почетокот на пандемијата/епидемијата до истекот на 6 месеци по нејзиното завршување.

Четврта разлика, но и прва сличност. Составот на постојната и предложената комисија е речиси идентичен, членовите се „од редот на истакнати стручњаци“, односно „професионалци во областа“.

Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија би била составена „од професионалци во областа“, како што е наведено во главата II. Цели, начела и основни решенија. Поконкретно, со ново предложениот член 59-а став 3, се предлага Комисијата да биде составена од 11 члена, од кои двајца членови се по функција (министерот за здравство и директорот на Центарот за управување со кризи) и девет

членови од редот на „инфектолози, епидемиолози, микробиолози, имунолози и интернисти“.

Комисијата за заразни болести е составена од членови од редот на истакнати стручњаци од областа на епидемиологијата, инфектологијата, микробиологијата, педијатријата, ветерината и други специјалности, како што е пропишано со членот 59 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

Но, бројот на членови е различен, а се разликува и бројот на области од каде доаѓаат членовите. Постојната Комисија нема точно утврден број на членови што овозможува поголема флексибилност, а и областите на специјалност не се „затворени“ што значи дека може да се дополнува со области кои ќе се оцени дека се релевантни што пак овозможува уште поголема флексибилност. Впрочем бројот и областите се пропишани на начин кој одговара на функцијата на Комисијата, а тоа е да дава совети, а не да донесува одлуки. Спротивно на ова, предложената Комисија би имала точно утврден број на членови и точно утврдени области на специјалност, бидејќи нејзината основна функција би била да донесува одлуки, но таквата поставеност е погрешна за функцијата што треба да ја врши.

Начинот на предлагање и начинот на избор на членовите (со мнозинство гласови, на предлог на Владата), проблемите кои би настанале доколку не се прифатат предложените членови од Владата и не се постигне мнозинство, „компромисите“ и „преговорите“ кои би биле наметнати за да се постигне консензус помеѓу сите парламентарни партии за лицата кои би биле членови и кои процеси би одземале многу време (во услови на пандемија/епидемија кога треба да се донесуваат одлуки во краток рок и секоја минута е важна и не трпи одлагање), проблемите доколку не се „пополнат“ сите „места“ во Комисијата што ќе се одрази на кворумот за работа и кворумот за донесување на одлуки, како и начинот на кој тие ќе ги носат одлуките, проблемите кои би настанале доколку член на Комисијата биде разрешен од Собранието или самиот побара да биде разрешен и времето потребно да се пополни повторно неговото место (бидејќи истата постапка се спроведува за секој член посебно, односно ќе треба да се спроведе повторен избор со спроведување на целата постапка од почеток со давање предлог од Владата, па постигнување консензус за неговиот избор), го прави ова тело нефункционално, тромо и несоодветно за управување/раководење со кризни состојби, каква што е епидемијата, односно пандемијата. Исто така, Комисија која се формира на предложениот начин (за чиј избор на членови е потребен консензус на парламентарните политички партии) не може да биде формирана во рок од 15 дена од прогласувањето на епидемијата/пандемијата.

Епидемијата/пандемијата не може да чека да бидат избрани членовите на Комисијата во сложена постапка пред Собранието и што доколку не бидат избрани сите членови на Комисијата, па оттука се поставува прашање, како Комисијата ќе функционира и носи одлуки во такви околности.

Во Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести остануваат неуредени следните прашања:

- Пред кого ново предложената Комисија ќе одговара за својата работа, пред Собранието или пред Владата?
- Не се предвидени ниту одредби за разрешување на членовите на Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија.
- Каква ќе биде комуникацијата помеѓу двете комисии?

Суштинска разлика која се сака да се постигне со ново предложеното дополнување на Законот и избор на нова Комисија од страна на Собранието е да се префрли „тежиштето“ на раководењето со епидемијата/пандемијата и носењето на одлуки од Владата на Собранието.

Не е целта да се замени или „дополни“ Комисијата за заразни болести, туку да се „замени“ Владата со Собранието на Република Северна Македонија.

Ваков заклучок се извлекува од анализата на Предлогот на закон, што е сосема различно од она што во јавноста беше пласирано како образложение од политичката партија на која припаѓаат групата на пратеници кои го доставуваат Предлогот на закон, според која „Комисијата за заштита од заразни болести е главниот виновник за високиот број заразени и починати. Комисијата наместо стручност демонстрираше политика. Токму затоа е потребно формирање специјална комисија која ќе биде составена од професионалци, експерти во своите области кои здравјето и интересот на граѓаните ќе ги ставаат пред лично партиските интереси на партијата на власт“.

Но, тоа не е потребно, ниту функционално и претставува „упад“ во постојниот систем од следните причини:

Постои систем и институционална надлежност согласно Законот за заштита на населението од заразни болести за носење на одлуки и координација за време на епидемија/пандемија.

Имено, согласно цитираниот Закон, Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и центрите за јавно здравје се носители на превентивните активности за спречување и заштита од заразни болести (членовите 8, 9 и 10 од Законот).

Понатаму, согласно цитираниот Закон, Центарот за јавно здравје на подрачјето за кое е основан, а Министерството за здравство во случај кога постои опасност, епидемијата и заразната болест да се шират и на други подрачја, прогласуваат епидемија и наложуваат мерки за сузбивање на заразната болест, додека Владата на Република Северна Македонија во такви околности на предлог на Министерството за здравство наредува мерки за спречување на внесување и ширење на заразната болест, како и за нејзино сузбивање.

Во изготвувањето на предлозите, Министерството за здравство ги користи советите на Комисијата за заразни болести со цел предлозите да биде засновани на струката и науката, да бидат објективни и професионални, па оттука такво да биде раководењето со епидемијата/пандемијата. Комисијата за заразни болести

претставува и стручно тело согласно членот 249 од Законот за здравствената заштита, кое тело обезбедува квалитет на здравствената заштита и кое согласно ставот 1 од членот 249 се формира во Министерството за здравство.

Институтот и центрите за јавно здравје ги вршат работите за јавно здравје, согласно Законот за јавно здравје (Закон за здравствената заштита), Министерството за здравство ги врши работите што се однесуваат на заштитата на населението од заразни болести (Закон за организација и работа на органите на државната управа), а Владата ја утврдува политиката на извршување на законите и други прописи на Собранието (Закон за Владата на Република Македонија), па оттука во конкретниот случај на Законот за заштита на населението од заразни болести кој закон е донесен од Собранието.

Сите законски овластувања и целата одговорност за раководењето со епидемии/пандемии е на наведените органи, што влегува во нивните основни функции како здравствени установи и во функциите на Владата, како носител на извршната власт. Собранието има друга улога и тоа не може да управува со епидемија/пандемија преку Комисијата чие формирање се предлага.

Предложената Комисија не се вклопува во веќе воспоставениот систем на институции кои предлагаат, утврдуваат и наредуваат мерки. Ова уште повеќе со оглед на тоа дека воопшто не е дефинирана надлежноста и задачите на оваа Комисија, ниту каков вид на одлуки ќе донесува и за која цел (дури во ново предложениот член 59-а став 8, пратениците наведуваат дека Комисијата носи препораки, а Владата задолжително постапува по истите, што е спротивно на самата природа на препораките кои не се одлуки и не значат нивна задолжителна примена).

Не е потребна промена на институциите кои управуваат со епидемијата/пандемијата (кои се повеќе на број, вклучени заради нивната законски утврдена надлежност, дејноста поради која се основани и меѓусебно поврзани во спроведувањето на мерките за спречување и сузбивање на заразни болести), ниту формирање на уште едно дополнително тело кое би било формирано ad hoc (во случај на прогласена епидемија или пандемија) со недефинирани задачи кои би ги вршело, туку почитување и спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на заразната болест донесени во согласност со Законот за заштита на населението од заразни болести, од страна на органите кои се законски овластени да ги донесуваат тие мерки.

Исто така, мора да се забележи дека во целиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести се користи името Република Македонија, наместо Република Северна Македонија, што е спротивно на АМАНДМАНОТ XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Во Уставот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.“.

Последно, но не помалку важно да се истакне е дека членовите на постојната Комисија за заразни болести се избрани од редот на истакнати стручњаци од областа на епидемиологијата, инфектологијата, микробиологијата, педијатријата, ветерината и други специјалности, кои имаат долгогодишно работно искуство и се вработени во здравствени установи кои најдиректно се вклучени, одговорни и засегнати со епидемијата/пандемијата и тоа ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје, Институт за јавно здравје, ЈЗУ Клиника за детски болести, Институт за микробиологија и паразитологија, Центар за јавно здравје - Скопје, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство и од Центар за управување со кризи.

Составот на оваа комисија може да се прошири во секој момент, зависно од потребата и во нејзината работа се вклучуваат и други стручњаци зависно од прашањата за кои се разговара.

Членовите на Комисијата за заразни болести функционираат на про боно основа. Оваа комисија постои откога постои Министерството за здравство, како орган на државната управа и таа досега се справувала со сите епидемии во државата, а првпат со пандемија.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка, поднесен од група од 28 пратеници.

<u>**Точка 73**</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести е поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести е поднесен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Со овој предлог на закон се предлага формирање на Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија.

На овој начин групата пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бара да се формира уште едно тело, покрај постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести.

Од анализата на постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести и предложената Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија произлегува дека:

Се предлага Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија да се избира од страна на Собранието со мнозинство гласови, на предлог на Владата.

Наспроти ова, Комисијата за заразни болести се формира од страна на министерот за здравство, како што е пропишано со членот 59 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

Тоа е првата разлика помеѓу постојната и предложената Комисија.

Според групата пратеници, на овој начин „се дава поголема одговорност и независност на Комисијата со тоа што истата ќе биде избрана од Собранието на Република Северна Македонија“.

Имено, групата пратеници наведува дека причините за донесување на предложениот закон се „да се формира стручно и независно тело“ (I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со Законот и причини за донесување). Според пратениците предвидените решенија со Законот се во насока на „создавање на услови за професионално и објективно работење и носење на одлуки за време на пандемија или епидемија“ (II. Цели, начела и основни решенија).

Втората разлика е дека постојната Комисија за заштита на населението од заразни болести има советодавна улога, а предложената Комисија за заштита и справување со пандемија или епидемија би имала улога да носи одлуки.

Станува збор за една од суштинските разлики.

Трета разлика помеѓу постојната и предложената Комисија е дека постојната комисија е со мандат од 4 години, додека предложената се формира само во услови на прогласена епидемија или пандемија со мандат кој трае од почетокот на пандемијата/епидемијата до истекот на 6 месеци по нејзиното завршување.

Четврта разлика, но и прва сличност. Составот на постојната и предложената комисија е речиси идентичен, членовите се „од редот на истакнати стручњаци“, односно „професионалци во областа“.

Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија би била составена „од професионалци во областа“, како што е наведено во главата II. Цели, начела и основни решенија. Поконкретно, со ново предложениот член 59-а став 3, се предлага Комисијата да биде составена од 11 члена, од кои двајца членови се по функција (министерот за здравство и директорот на Центарот за управување со кризи) и девет членови од редот на „инфектолози, епидемиолози, микробиолози, имунолози и интернисти“.

Комисијата за заразни болести е составена од членови од редот на истакнати стручњаци од областа на епидемиологијата, инфектологијата, микробиологијата, педијатријата, ветерината и други специјалности, како што е пропишано со членот 59 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести.

Но, бројот на членови е различен, а се разликува и бројот на области од каде доаѓаат членовите. Постојната Комисија нема точно утврден број на членови што

овозможува поголема флексибилност, а и областите на специјалност не се „затворени“ што значи дека може да се дополнува со области кои ќе се оцени дека се релевантни што пак овозможува уште поголема флексибилност.

Впрочем бројот и областите се пропишани на начин кој одговара на функцијата на Комисијата, а тоа е да дава совети, а не да донесува одлуки.

Спротивно на ова, предложената Комисија би имала точно утврден број на членови и точно утврдени области на специјалност, бидејќи нејзината основна функција би била да донесува одлуки, но таквата поставеност е погрешна за функцијата што треба да ја врши.

Начинот на предлагање и начинот на избор на членовите (со мнозинство гласови, на предлог на Владата), проблемите кои би настанале доколку не се прифатат предложените членови од Владата и не се постигне мнозинство, „компромисите“ и „преговорите“ кои би биле наметнати за да се постигне консензус помеѓу сите парламентарни партии за лицата кои би биле членови и кои процеси би одземале многу време (во услови на пандемија/епидемија кога треба да се донесуваат одлуки во краток рок и секоја минута е важна и не трпи одлагање), проблемите доколку не се „пополнат“ сите „места“ во Комисијата што ќе се одрази на кворумот за работа и кворумот за донесување на одлуки, како и начинот на кој тие ќе ги носат одлуките, проблемите кои би настанале доколку член на Комисијата биде разрешен од Собранието или самиот побара да биде разрешен и времето потребно да се пополни повторно неговото место (бидејќи истата постапка се спроведува за секој член посебно, односно ќе треба да се спроведе повторен избор со спроведување на целата постапка од почеток со давање предлог од Владата, па постигнување консензус за неговиот избор), го прави ова тело нефункционално, тромо и несоодветно за управување/раководење со кризни состојби, каква што е епидемијата, односно пандемијата.

Исто така, Комисија која се формира на предложениот начин (за чиј избор на членови е потребен консензус на парламентарните политички партии) не може да биде формирана во рок од 15 дена од прогласувањето на епидемијата/пандемијата.

Епидемијата/пандемијата не може да чека да бидат избрани членовите на Комисијата во сложена постапка пред Собранието и што доколку не бидат избрани сите членови на Комисијата, па оттука се поставува прашање, како Комисијата ќе функционира и носи одлуки во такви околности.

Во Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести остануваат неуредени следните прашања:

- Пред кого ново предложената Комисија ќе одговара за својата работа, пред Собранието или пред Владата?
- Не се предвидени ниту одредби за разрешување на членовите на Комисијата за заштита и справување со пандемија или епидемија.
- Каква ќе биде комуникацијата помеѓу двете комисии?

Суштинска разлика која се сака да се постигне со ново предложеното дополнување на Законот и избор на нова Комисија од страна на Собранието е да се префрли „тежиштето“ на раководењето со епидемијата/пандемијата и носењето на одлуки од Владата на Собранието.

Не е целта да се замени или „дополни“ Комисијата за заразни болести, туку да се „замени“ Владата со Собранието на Република Северна Македонија.

Ваков заклучок се извлекува од анализата на Предлогот на закон, што е сосема различно од она што во јавноста беше пласирано како образложение од политичката партија на која припаѓаат групата на пратеници кои го доставуваат Предлогот на закон, според која „Комисијата за заштита од заразни болести е главниот виновник за високиот број заразени и починати. Комисијата наместо стручност демонстрираше политика. Токму затоа е потребно формирање специјална комисија која ќе биде составена од професионалци, експерти во своите области кои здравјето и интересот на граѓаните ќе ги стават пред лично партиските интереси на партијата на власт“.

Но, тоа не е потребно, ниту функционално и претставува „упад“ во постојниот систем од следните причини:

Постои систем и институционална надлежност согласно Законот за заштита на населението од заразни болести за носење на одлуки и координација за време на епидемија/пандемија.

Имено, согласно цитираниот Закон, Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и центрите за јавно здравје се носители на превентивните активности за спречување и заштита од заразни болести (членовите 8, 9 и 10 од Законот).

Понатаму, согласно цитираниот Закон, Центарот за јавно здравје на подрачјето за кое е основан, а Министерството за здравство во случај кога постои опасност, епидемијата и заразната болест да се шират и на други подрачја, прогласуваат епидемија и наложуваат мерки за сузбивање на заразната болест, додека Владата на Република Северна Македонија во такви околности на предлог на Министерството за здравство наредува мерки за спречување на внесување и ширење на заразната болест, како и за нејзино сузбивање.

Во изготвувањето на предлозите, Министерството за здравство ги користи советите на Комисијата за заразни болести со цел предлозите да биде засновани на струката и науката, да бидат објективни и професионални, па оттука такво да биде раководењето со епидемијата/пандемијата. Комисијата за заразни болести претставува и стручно тело согласно членот 249 од Законот за здравствената заштита, кое тело обезбедува квалитет на здравствената заштита и кое согласно ставот 1 од членот 249 се формира во Министерството за здравство.

Институтот и центрите за јавно здравје ги вршат работите за јавно здравје, согласно Законот за јавно здравје (Закон за здравствената заштита), Министерството за

здравство ги врши работите што се однесуваат на заштитата на населението од заразни болести (Закон за организација и работа на органите на државната управа), а Владата ја утврдува политиката на извршување на законите и други прописи на Собранието (Закон за Владата на Република Македонија), па оттука во конкретниот случај на Законот за заштита на населението од заразни болести кој закон е донесен од Собранието.

Сите законски овластувања и целата одговорност за раководењето со епидемии/пандемии е на наведените органи, што влегува во нивните основни функции како здравствени установи и во функциите на Владата, како носител на извршната власт. Собранието има друга улога и тоа не може да управува со епидемија/пандемија преку Комисијата чие формирање се предлага.

Предложената Комисија не се вклопува во веќе воспоставениот систем на институции кои предлагаат, утврдуваат и наредуваат мерки. Ова уште повеќе со оглед на тоа дека воопшто не е дефинирана надлежноста и задачите на оваа Комисија, ниту каков вид на одлуки ќе донесува и за која цел (дури во ново предложениот член 59-а став 8, пратениците наведуваат дека Комисијата носи препораки, а Владата задолжително постапува по истите, што е спротивно на самата природа на препораките кои не се одлуки и не значат нивна задолжителна примена).

Не е потребна промена на институциите кои управуваат со епидемијата/пандемијата (кои се повеќе на број, вклучени заради нивната законски утврдена надлежност, дејноста поради која се основани и меѓусебно поврзани во спроведувањето на мерките за спречување и сузбивање на заразни болести), ниту формирање на уште едно дополнително тело кое би било формирано ad hoc (во случај на прогласена епидемија или пандемија) со недефинирани задачи кои би ги вршело, туку почитување и спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на заразната болест донесени во согласност со Законот за заштита на населението од заразни болести, од страна на органите кои се законски овластени да ги донесуваат тие мерки.

Исто така, мора да се забележи дека во целиот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести се користи името Република Македонија, наместо Република Северна Македонија, што е спротивно на АМАНДМАНОТ XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Во Уставот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.“.

Последно, но не помалку важно да се истакне е дека членовите на постојната Комисија за заразни болести се избрани од редот на истакнати стручњаци од областа на епидемиологијата, инфектологијата, микробиологијата, педијатријата, ветерината и други специјалности, кои имаат долгогодишно работно искуство и се вработени во здравствени установи кои најдиректно се вклучени, одговорни и засегнати со епидемијата/пандемијата и тоа ЈЗУ Универзитетска клиника за

инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје, Институт за јавно здравје, ЈЗУ Клиника за детски болести, Институт за микробиологија и паразитологија, Центар за јавно здравје - Скопје, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство и од Центар за управување со кризи.

Составот на оваа комисија може да се прошири во секој момент, зависно од потребата и во нејзината работа се вклучуваат и други стручњаци зависно од прашањата за кои се разговара.

Членовите на Комисијата за заразни болести функционираат на про боно основа. Оваа комисија постои откога постои Министерството за здравство, како орган на државната управа и таа досега се справувала со сите епидемии во државата, а првпат со пандемија.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, поднесен од група пратеници.

**<u>Точка 74</u>**

Владата го разгледа Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 35 став (4) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Регулаторната комисија за енергетика секоја година најдоцна до 31 октомври до Собранието поднесува за усвојување предлог финансиски план за следната календарска година. Во финансискиот план се содржани сите планирани приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членови и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика.

Според став (5) од овој член, Собранието го усвојува предлог финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход: - којшто не може да биде повисок од 0,1% за носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и до странските друштва коишто вршат енергетска дејност на Република Македонија и - којшто не може да биде повисок од 0,1% за давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, пресметан според податоци од Централниот регистар на Република Македонија или утврден согласно со членот 5, остварен во годината којашто и претходи на годината во која се доставува Предлог-финансискиот план.

Согласно член 8 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16), работата на Регулаторната

комисија за утврдување на тарифите за водни услуги ќе се финансира од наплата на:

1. посебен годишен надоместок кој го плаќаат давателите утврден како процент на зафаќање од годишниот приход на давателите остварен од давањето на водните услуги и

2. надоместоци од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги, односно регулаторна тарифа за водни услуги.

Во ставот (2) на овој член е утврдено дека процентот на зафаќање од годишниот приход на давателите од ставот (1) точка 1 од овој член го утврдува Собранието на Република Македонија со одлука, при што процентот неможе да биде повисок од од 0,1%.

Со Предлог- финансискиот план за 2021 година, приходите на Регулаторната комисија за енергетика се планирани во вкупен износ од 79.184.376 денари и истите во однос на планираните приходи за 2020 година се намалени за околу 8%, односно во апсолутен износ намалување од околу 6,7 милиони денари.

Идентично намалување има и на страната на расходите. По основ на планиран приход од надоместок од носители на лиценци кои вршат енергетска дејност и надоместок од даватели на водни услуги во 2021 година се планира да се остварат 59.639.286 денари, што претставува намалување за 17% во однос на одобрениот приход со Финансискиот план за 2020 година, односно во апсолутен износ намалување од 11,8 милиони денари.

Со Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година се предвидува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водни услуги за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2021 година да изнесува 0,0441% што претставува намалување од 4,13% во однос на одобрениот од 0,0460% за 2020 година и е понизок од законски утврдениот максимум од 0,1% од вкупниот приход на друштвата што вршат енергетска дејност и давателите на водни услуги.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година, освен укажување за потребата од правно-техничко и редакциско подобрување на текстот на Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2021 година.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за доделена државна помош за периодот јануари - декември 2019 година на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Информацијата за доделена државна помош за периодот јануари - декември 2019 година на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, се доставува согласно обврската утврдена во член 4-а став (13) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, според кој давателите на државна помош се должни согласно со овој закон секоја година до 28 февруари да доставуваат до Агенцијата за странски инвестиции на Република Северна Македонија информации за доделената државна помош, за изминатата година. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони вкупна информација за доделената државна помош, за изминатата година.

Во Информацијата се прикажани активностите на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, согласно Договорите за доделување на државна помош потпишани помеѓу Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и компаниите-корисници на државна помош во технолошко индустриските развојни зони.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Информацијата.

## Точка 76

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.285/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „и надоместокот" од член 31 став 14 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 30/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата пред се погрешно го наведува ставот 14 од оспорениот член 31 и воедно во својата Иницијатива ги нема наведено последно објавените измени и дополнувања на Законот за здравственото осигурување и тоа „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19. Што се однесува до

ставот 14 истиот не кореспондира со содржината во Иницијативата, што значи тоа е став 15 од оспорениот член 31.

Согласно членот 30 од Законот за здравственото осигурување осигурениците можат да користат болничко лекување во странство со одобрение на Фондот, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Републиката а во земјата во која се упатува постои можност за успешно лекување на тоа заболување.

Со членот 31 од Законот за здравственото осигурување се уредува постапката за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување и се упатува на соодветна примена на одредбите од Законот за општата управна постапка. Од овие одредби произлегува дека и правото на лекување во странство е право од здравственото осигурување кое осигурениците го остваруваат во управна постапка и тоа во прв степен одлучува директорот на Фондот, во втор степен по жалба одлучува Управниот одбор на Фондот, а против конечното решение на Управниот одбор на Фондот може да се води управен спор.

Во членовите 30 и 31 од Законот дадени се основните законски рамки за начинот на остварување правото на болничко лекување во странство и начинот на работа на лекарските комисии без чие стручно мислење не може да се утврди потребата за болничко лекување во странство, за да во ставот 9 од членот 30 и ставот 15 од членот 31, Фондот има законско овластување, со подзаконски акт, да го утврди начинот на користењето на здравствените услуги во странство и составот, начинот на работа и надоместокот за работата на првостепената и второстепената лекарска комисија.

Од тука Фондот, врз основа на своето законско овластување, го донесе Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, на кој министерот за здравство даде согласност. Во овој Правилник, во законски дадените рамки, Фондот го утврдува начинот на користење на болничко лекување во странство и меѓу другото го утврдува и составот на Првостепената и Второстепената лекарска комисија.

Согласно членот 7 ставот 1 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Првостепената лекарска комисија ја формира директорот на Фондот и се состои од седум членови со седум заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Согласно членот 8 ставот 1 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, Управниот одбор на Фондот ја формира Второстепената лекарска комисија и се состои од седум членови со седум заменици од истакнати медицински лица од различни субспецијалности.

Членовите на Првостепената и Второстепената лекарска комисија се истакнати медицински лица, и истите не се во работен однос во Фондот и немаат статус на административни службеници. Од тука, спротивно на наводите во Иницијативата, членовите на лекарските комисии работат дополнително и членувањето во лекарските комисии не е нивна редовна работна задача ниту редовна работна дневна обврска. Тоа се лекари специјалисти/субспецијалисти чијашто редовна

работна обврска е пружање здравствена заштита и здравствени услуги на пациентите, а учеството во работата на лекарските комисии е нивен дополнителен ангажман со кој придонесуваат за доследно и правилно спроведување на законските и подзаконските акти.

Согласно тоа, не се точни наводите во Иницијативата дека оспорениот дел од членот 31 го нарушува принципот на владеење на правото ниту пак станува збор за нејасни и непрецизни норми кои ја доведуваат во заблуда примената на одредбите.

Имајќи го предвид претходно наведеното се смета дека оспорениот дел од членот 31 од Законот за здравственото осигурување е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот од членот 31 од наведениот Закон.

## Точка 77

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Заклучоци внесени во точка 1 од точката 32 на Записникот од Сто триесет и петта седница седница на Владата на Република Северна Македонија, донесени на 14 мај 2019 година, поднесена од Дарко Јаневски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 60 ставови (1) и (2) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година. При запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа. За офталмолошките прегледи има одредба за одложена примена, односно во член 183 став 3 од Законот за основното образование „одредбата од членот 60 став (2) која се однесува на задолжителните офталмолошки прегледи ќе започне да се применува од учебната 2021/2022 година“.

Со цел заштита на колективното здравје и здравјето на децата Владата на Република Северна Македонија на Сто триесет и петта седница, одржана на 14 мај 2019 година донесе заклучоци според кои во кое било училиште можат да се запишат исклучиво деца кои се вакцинирани и за тоа имаат соодветен документ/потврда.

Во сите училишта да се примат пријавите за упис во училиштата и на оние деца кои не се вакцинирани, но да не се врши упис додека не биде приложен соодветен документ/ потврда за вакцинација.

По однос на поднесената иницијатива дека во постапката за запишување на ученици не се применувал член 2 став (2) од Законот за општата управна постапка, односно не се прибавувала документација по службена должност од органите на

државната управа, кои ја чувааат во службена евиденција и регистри, упатуваме на член 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), согласно кој овој закон се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги, а со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон. Согласно ставот 2 на членот 2 е дадена можност со посебните закони одделни работи да може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките, и во таа насока во членот 60 во ставот (2) од Законот за основното образование се регулира дека при запишување на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа.

Исто така, согласно член 10 став (1) од Законот за општата управна постапка, јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка.

Согласно член 2 став (1) од овој закон, Законот за општата управна постапка се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги.

Согласно членот 4 (Поимник) алинеја 4, „Управни работи“ претставуваат сите акти и дејствија преку кои се изразуваат или извршуваат надлежностите на јавните органи, а со кои се решава или влијае на правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правните лица или другите странки во постапката, како и секоја друга работа која што е одредена како управна со посебен закон.
Со Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), постапката за запишувањето на децата во прво одделение во основното образование не е определена како управна постапка, за неа не се водат управни дејствија и не се донесуваат управни акти, од што произлегува дека за оваа постапка не се применува одредбата од членот 10 ставови (1) и (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија бр. 124/15).

Согласно член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија: одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;

Согласно член 112 од Уставот, Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон.

Со оглед дека заклучок на Владата на Република Северна Македонија не може да се подведе ниту под пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, туку претставува само работен материјал кој

произлегува од одржана седница на Владата, цениме дека нема основ за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитост за заклучок на Влада.

Следствено наведеното се смета дека со заклучоците внесени во точка 1 од точката 32 на Записникот од Сто триесет и петта седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година, не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива.

## Точка 78

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет – Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 242 ставот 1 од Статутот треба да се измени и гласи: „Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на приватна високообразовна установа, донесува наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет, под услови утврдени со овој закон. Бројот на студентите не може да биде поголем од бројот утврден според капацитетот утврден со решението за акредитација на приватната високообразовна установа."

Освен горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема други забелешки по овој Статут.

## Точка 79

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен Лист бр.518, 8035, 9022 и 9017 за КО Бутел и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вирџинија Баута од Струга за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2947, за КО Мислешево-вонград, на КП бр. 2750 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55123 за КО Прилеп на КП бр.20761/1 и КП бр.20761/2 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94890 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.10070 МВ / Улица Ѓ.Петров и Имотен лист бр.94891 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион на КП бр.10077 МВ/ Улица Ѓорче Петров, и по истата го усвои Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**Точка 83**

Владата го разгледа Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11.00 часот и притоа заклучи:

1. Се овластува Тања Чачарова-Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД – Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Македонски Телеком АД – Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД – Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11:00 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа ЗА по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11:00 часот.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија, по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 15.12.2020 година, во 11:00 часот, да гласа ЗА по предлогот од точка 1: Предлог-одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото, со укажување дека поради техничка грешка, во Заклучокот донесен на Седумнаесеттата седница на Владата, одржана на 3 ноември 2020 година, да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје, за членови на Одборот на директори да ги избере: Аќиф Мехдиу, за неизвршен независен член, а Садула Дураки за неизвршен член.

**Точка 84**

1. Владата го отповика Бејназ Арифи од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост.

1.1 Владата го избра Скендер Мехмети за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост.

2. Владата го отповика Златко Ориѓански од должноста директор на Културно – информативниот центар во Тирана, Република Албанија.

2.1 Владата го именува Златко Ориѓански за директор на Културно-информативниот центар во Тирана, Република Албанија, на предлог на министерот за култура.

Правата и обврските од работен однос, именуваниот ќе ги остварува во Министерството за култура.

3. Владата ја разреши доц. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ од должноста член на Националната комисија за учебници, од редот на високообразовните и научни установи од областа на општествено-хуманистичките науки, на нејзино барање.

4. Владата го разреши Дејан Ампев од должноста вршител на должноста заменик - координатор на Националниот координативен центар за гранично управување, на негово барање.

5. Владата го разреши Муса Ибраими од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, на негово барање.

5.1 Владата го избра Арбен Ќерими за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Зеќир Јакупоски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи, на негово барање.

7. Владата го разреши Екрем Зендели од должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, поради именување на друга функција.

8. Владата го именува Екрем Зендели за вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата на Александар Младеновски разрешен од должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 9.11.2020 година до 9.11.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

10. Владата на Аднан Џафероски разрешен од должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 3.11.2020 година до 3.11.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Дирекцијата за заштита и спасување.

11. Владата на Агрон Буџаку разрешен од должноста директор на Центарот за управување со кризи, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 3.11.2020 година до 3.11.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Центарот за управување со кризи.

12. Владата на Фирус Мемед разрешен од должноста заменик на директорот на Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 3.11.2020 година до 3.11.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

13. Владата на Орхан Рамадани разрешен од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 26.10.2020 година до 26.10.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

14. Владата на Армир Садики разрешен од должноста вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 26.10.2020 година до 26.07.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Бирото за јавни набавки.
15. Владата на Висара Риза разрешена од должноста в.д. директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 20.10.2020 година до 20.07.2021 година.

Правото именуваната ќе го остварува во Агенцијата за лекови и медицински средства.

16. Владата на Аљајдин Хавзиу разрешен од должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за труд и социјална

политика, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 20.10.2020 година до 20.10.2021 година.

Правото именуваниот ќе го остварува во Државниот инспекторат за труд.
17. Владата го именува Назим Сулејмани за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

18. Владата на Јованка Ѓорѓеска и утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Тетово поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 24.12.2020 година.

19. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Тетово.

20. Владата го именува Сеадет Јусуфи за член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, од редот на стручните работници вработени во Центарот за стручно образование и обука.

21. Владата ја разреши Олимпија Христова Заевска од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

21.1 Владата ја именува Ширет Елези за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

22. Владата го именува Авдиљ Јонузи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје, да го именува Брахим Ајвази за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" – Скопје.

24. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје, да ја избере Виолета Илиевска за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта– Скопје.

25. Владата поради техничка грешка, во Заклучокот донесен на Седумнаесеттата седница на Владата, одржана на 3 ноември 2020 година, заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје, за членови на одборот на директори да ги избере: Аќиф Мехдиу, за неизвршен независен член, а Садула Дураки за неизвршен член.

26. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје да го именува Хари Локвенец за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

## Точка 85

**1.** Владата, на предлог на Благој Бочварски, министер за транспорт и врски заклучи:

- Да се измени ставот (3) од Заклучокот од точка 14, од Единаесеттата седница на Владата, одржана на 13 октомври 2020 година и истиот да гласи:

"Истовремено, Владата ги задолжи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Јани Макрадули, директор на Пошта на Северна Македонија на почетокот на ноември 2020 година да започнат постапка за јавно – приватно партнерство или продажба на Пошта на Северна Македонија, со цел конечно средување на поштенскиот сообраќај во Република Северна Македонија, како и понатамошно започнување на процесот на либерализација на поштенските услуги во Република Северна Македонија."

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за обнова на Кол Центарот и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи да обезбеди фиксен телефонски број со наведените карактеристики, да склучи договор со телекомуникациски оператор и навремено на месечно ниво да ги покрива трошоците за користење.

2) Се задолжуваат институциите кои имаат обврска да номинираат лица за оператори во Кол центарот и да обезбедат информатички средства и технички можности за приклучување на номинираното лице на апликацијата за Кол центарот."

**3.** Владата заклучи Министерството за здравство да спроведе постапка за јавна набавка на брзи антигени тестови за потребите на јавните здравствени установи со спроведување на постапка на преговарање без објавување оглас согласно членот 55 став (1) точка 6) од Законот за јавните набавки, според кој оваа постапка може да се спроведе „доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган".

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење

на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 4 ноември 2020 година до 10 ноември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник - 8 Декември - „Св. Климент Охридски", заклучи:

1) Владата на Република Северна Македонија да ја преземе организацијата на централното одбележување на државниот празник - 8 Декември - „Св. Климент Охридски", за 2020 година.

По тој повод се определува Делегација за одбележување на празникот во состав:

- м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања,
- д-р Бујар Османи, министерот за надворешни работи и
- д-р Ирена Стефоска министер за култура.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да подготви сценарио, наратив, за одбележување врз основа на предходно утврден наратив за државни празници.

Сценариото да го достави до сите засегнати институции како би отпочнале навремено со подготовки.

3) Се задолжува Службата за протокол на Влада на Република Северна Македонија да подготви покани, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови од настанот вклучувајќи положување на цвеќе и соодветна опрема.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на државниот празник - 8 Декември - „Св. Климент Охридски", според организацискиот план на Организациониот одбор.

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на локација која ќе биде дополнително утврдена во сценариото на Секторот за односи со јавноста.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди заштитни средба за превенција од корона за настанот врз основа на спецификации предвидени со сценариото на Секторот за односи со јавноста.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали, техничка опрема и сл. за одбележувањето на празникот врз основа на спецификации предвидени со сценариото на Секторот за односи со јавноста.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венци за положување цвеќе на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

10). Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на празникот.

**6.** Во врска со Записникот од седница на Комисија за јавно-приватен дијалог, одржана на 30 октомври 2020 година и задолжението/заклучокот по точка 2 од Дневниот ред, Измени на царинскиот тарифник, Владата заклучи, Министерството за финансии, во соработка со Министерството за економија, во рок од три дена да формира работна група, во која ќе има претставници од надлежните институции (Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции Фатмир Битиќи, Министерство за економија, Министерство за финансии и Царинската Управа на Република Северна Македонија) и од коморите (ССК, СКМ, СКСЗМ и МАСИТ) кои ќе работат на изготвување на анализа и приоритетни предлози за менување на царинскиот тарифник.

**7.** Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски да склучи соодветни договори со единиците на локалната самоуправа за финансирање проекти од единиците на локалната самоуправа доделени во ребалансот на буџетот на Министерството за транспорт и врски и префрлање на финансиски средства на посебни наменски сметки, со цел реализација на проектите наведени во Прилог 1.

Согласно ова се задолжува Министерството за транспорт и врски за наредната седница на Владата, да подготви и да достави соодветни одлуки.

**8.** Владата на предлог на д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика во врска со Иницијативата за прогласување на денот недела и деновите на државни и други празници за неработни денови, заклучи подготвената Нацрт-верзија на предлогот, подготвена од работната група, Министерството за труд и социјална политика да ја достави до сите надлежни институции, со цел произнесување по истата и по добивање на мислењата од институциите да се разгледа повторно на некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 86**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза Скопје, за период јули - септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈПВ Лисиче – Велес (јули-септември 2020 година), со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за периодот 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 89**

Владата го разгледа најновиот текст на Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2020 година, со Финансискиот план, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за одложување, односно не реализирање на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.7.2020 година до 30.9.2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за укинување на надоместокот од 3% по килограм од продажната цена рибата, за користење на вода за одгледување риби, со конкретен став и фискални импликации по Буџетот, како материјал за информирање, при што да се има предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена да изнајдат посоодветен и усогласен начин за пресметување на надоместокот за користење на вода за одгледување риби по килограм од продажната цена рибата.

**Точка 93**

Владата по Барањето за користење на дополнителни средства/субвенции на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи номотехнички со Секретаријатот за законодавство, како и со Министерството за правда во делот на прекршочните одредби.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии - потребните финансиски средства за спроведување на овој предлог на закон да ги предвиди во рамките на одобрениот буџет на Министерството за здравство.

**Точка 95**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог - законот за изменување на Законот за здравственото осигурување, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо под број 44-8884/1 од 27 септември 2020 година.

**Точка 96**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Светислав Ѓорѓевиќ, директор на Дирекција за радијациона сигурност.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Велес и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 98**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за ловството по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон за изменување на Законот за ловството, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство во смисла во една одредба од Предлогот на закон да бидат опфатени

сите измени во Законот во однос на името на државата, согласно Амандманите на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на Амандманите на Уставот на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда да се произнесе во делот на прекршочните одредби од член 25 до член 30 од Предлогот на закон за изменување на Законот за ловството.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за ловството, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 99**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**